# АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
# НА МАКЕДОНИЈА
## АВТО СПОРТ

# ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК
# ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛОВИ НА
# НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ ВО АВТО СПОРТ

*2021, Скопје*

Врз основа на член 1 став 2 од Правилникот за авто спорт на Автомобилистичката Федерација на Македонија, Одборот за авто спорт, на АФМ на својата седница одржана на 14. 12. 2020 година донесе

**Член 1**

За време на натпреварот, со возилата може да управуваат само пилоти кои имаат пропишано лекарско уверение за натпреварувачи, заверено од надлежна институција за натпреварување во авто и картинг спорт.

**Член 2**

Лекарско уверение за натпреварување во авто спорт може да добијат пилоти кои со систематски преглед извршен врз нив се прогласени (е потврдено) дека се физички и психички здрави за тековната година.

**Член 3**

Систематскиот преглед за натпреварувачите во авто спорт опфаќа:

- испитување на кардиоваскуларни и респираторни функции;
- неуро - психијатриска состојба;
- офтолмолошки, ортопедски и оториноларинголошки преглед;
- како и психолошко и слично испитување.

Основите за критериумите за здравствената состојба на натпреварувачите ја сочинуваат вредностите на пилотите од другите категории (дисциплини), при почитување на посебностите кои авто спортот ги има.

Систематски преглед врши лекар специјалист за спортска медицина или медицински работи во соработка со лекари специјалисти од посебни области или институт за физиологија.

**Член 4**

На пилотите за натпревари во авто спорт може да им се издаде лекарско уверение, само доколку покрај пропишаните услови со Правилник за здравствени услови за управување со моторни возила, ги исполнуваат следните услови:

1. оштрината на видот пред или после корекцијата за секое око пооделно изнесува најмалку 9/10 од видот;
2. да поседува нормален две очилен вид;
3. нормално да ги распознава боите;
4. да има нормална стереоскопија;
5. функционалното ограничување на зглободите на раката да им е помало од 50%;
6. функцијата на двете раце не е оштетена по делимична ампутација на прсти на раката преку 30%;
7. да не носат протеза на раката или стопалото.

**Член 5**

Здравствените организации во кои ќе се врши систематски преглед на пилотите може да бидат сите установи овластени за преглед на возачи од втора категорија, институти и сите установи за спортска медицина кои се во состојба да извршат потребни специјалистички прегледи.

**Член 6**

Врз основа на резултатите од систематскиот преглед, лекарот специјалист по спортска медицина или медицинска работа во име на установата или

институтот, на пилотот му издава уверение за натпреварување во авто спортот, со кое потврдува дека неговата здравствена состојба одговара на условите пропишани со Правилникот за авто спорт на АФМ.

Документацијата врз основа на која е издадено лекарското уверение, ја задржува здравствената организација која го издала уверението.

На барање на АФМ установата е должна целокупната документација за здравствената состојба на пилотот ја достави на увид на медицинската комисија на АФМ.

**Член 7**

Лекарското уверение за натпреварување во авто спорт важи за календарската година за која е издадено.

По исклучок, во случај на болест или повреда на натпреварувачот, ако дошло до битно нарушување на здравјето на натпреварувачот, систематскиот преглед мора да се повтори во текот на натпреварувчката сезона.

**Член 8**

Лекарското уверение за сите натпревари во авто спорт се издава на посебно пропишани обрасци.

Ист е еден образец за цела територија на Р. Македонија и за меѓународни авто натпревари кои се организираат во земјата и странство.

Образецот на лекарското уверение за натпревари во авто спортот го пропишува АФМ, согласно одредбите на овој Правилник, усогласен со меѓународните правила за здравствено испитување на возачите на FIA, претставува составен дел на овој Правилник.

**Член 9**

Во лекарското уверение мора да постои потврда за крвната група и Rh фактор заверен од надлежна државна установа со потпис и печат на одговорно лице.

Лекарскиот картон содржи и изјава на пилотот со која ја потврдува вистинитоста на:

- вистинитост на сите изјави и потврди дадени на лекарската комисија при систематски преглед или дополнителен преглед;
- обврска дека нема да употребува дрога, алкохол и допинг средства додека активно се бави со авто спорт;
- обврска дека на АФМ секоја повреда или болест која би можела битно да ја намали неговата здравствена способност.

**Член 10**

Пилотите се должни покрај лиценцата на сите натпревари да го носат лекарското уверение од член 1 од овој Правилник, и да го доставаат на увид на овластениот лекар при верификација на документите.

**Член 11**

Оранизаторот на секој натпревар во авто спорт, е должен за сето време на натпреварот да обезбеди потребна медицинска помош (медицински екипи со возила)

**Член 12**

Во составот на извршниот орган кој е одговорен за организирање на натпреварот во авто спорт, покрај останатите стручни лица, треба да има лекар со соодветно искуство.

Во текот на подготовката и изведувањето (текот) на натпреварот, лекарот-шефот на медицинската екипа, одговорен е за организација на здравствена заштита на натпреварувачите и публиката во давање на итна медицинска помош. Во својата работа лекарот-шефот на медицинската екипа е самостоен.

Со исклучок оваа работа може да ја обавува и лекар без судиска (функционерска) лиценца со докажана стручност и искуство во организирање и давање итна медицинска помош.

**Член 13**

Во текот на постапката на верификација на натпреварувачи во авто спорт, лекарот е член на верификационата комисија и должен е:

а) да ја провери исправноста на лекарското уверение на сите натпреварувачи, посебно на натпреварувачите кои доаѓаат од странски држави;

б) пилотот визуелно да го прегледа поради утврдување на непосредна способност за натпреварување;

в) доколку се посомнева дека натпреварувачот е неспособен за натпревар, повреден, болен, под дејство на алкохол, дрога, средства за допинг или психопатски лекови, одреди додатен преглед или лабораториско испитување;

г) да ја провери медицинската документација кој натпреварувач, кој по некоја болест или повреда не извршиле повторен систематски преглед, да се уверат во нивната способност и спремност за настап (учество) на натпреварот или по потреба сам да направи систематски преглед во соодветна здравствена установа;

д) во случај на повреда на возач во текот на натпреварот, на лекарското уверение во писмена форма ја запише (регистрира) повредата, и за тоа ја извести Стручната комисија на АФМ која ја има издадено натпреварувачката лиценца и по можност и го достави лекарското уверение со опис на несреќата и повредата и здравствениот наод за возачот;

ѓ) доколку најде за потребно, да го задржи лакарското уверение на натпреварувачот, за проверка на податоците;

е) во случај на позитивен алко или дрога тест, должен е за истото да го извести жирито на натпреварот и да го дисквалификува натпреварувачот.

ж) да го одземе лекарскиот картон и го упати натпреварувачот на повторен преглед.

**Член 14**

Пилотите се должни на барање на овластениот лекар да пристапат на лекарски преглед пред почетокот на натпреварот.

Лекарскиот преглед пред почетокот на натпреварот опфаќа општ преглед за утврдување на непосредна способност на пилототв за натпреварување, алко и дрога тест.

Доколку дежурниот лекар најде за корисно прегледот може да го прошири со специјалистичка консултација и лабораториски тестови.

Жена пилот мора да потпише изјава со која потврдува дека не е гравидна за време на натпреварот.

Лекарски прегледи и специјалистички консултации, од овој член, ги врши и организира лекарот член на верификационата комисија во консултација со лекарот-шеф на медицинската екипа.

**Член 15**

Органите на АФМ, односно носителите на возачки и натпреварувачки лиценци, за прекршоци на одредбите од овој Правилник, се казнуваат по одредбите на Правилникот за авто спорт и дисциплинскиот правилник на АФМ.

Здравствените работници за неисполнување на истите одредби, грешки во организација на здравствената заштита на сите учесници на натпреварот и давање на адекватна медицинска помош, по добиено мислење на Медицинската комисија на АФМ, одговараат по одредбите на Правилникот за авто спорт, дисциплинскиот правилник на АФМ и Кривичниот закон на Р.Македонија.

**Член 16**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во иста постапка како и за неговото донесување од страна на Здраствената комисија на АФМ .

Право на толкување на овој Правилник има Здраствената комисија на Автомобилистичката Федерација на Македонија.

**Член 17**

Овој Правилник стапува во сила осум дена по неговото донесување и важи за сезона 2021год.

Автомобилистичка федерација
на Македонија

претседател за спорт
Ранко Станојковски
с/р